**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Закон за изменување на Закон за животна средина |
| Министерство: | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Јадранка Иванова |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 31.05.2009 |
| Поврзаност со ЕУ директиви | нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата** (забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

**<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>**

1. **Кои се главните проблеми?**
   - Економска криза на глобално ниво

2. **Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**
   При разгледувањето на опциите за регулација, постојат алтернативи од два аспекта:

- ***Опција 1:*** Да не се направат измените со што надоместоците би останале да се наплатуваат при увоз на употребувани возила..
- ***Опција 2:*** Да се донесе Законот за изменување на Законот за животна средина со цел намалување на надоместоците за увоз на употребувани моторни возила со цел намалување на надоместоците од 30 до 50 %.
- ***Опција 3:*** Донесување на Законот за изменување на Законот *за* животна средина со кој ќе се укинат целосно надоместоците.

3. **Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

   А. бизнис субјектите во следниве категории:

   - Увозници на употребувани моторни возила
   - Стопанска Комора на РМ

   Б. Органи на државната и локалната власт:

   - Министерство за животна средина и просторно планирање,
   - Министерство за економија,
   - Министерството за финансии

   Ц. Јавноста:

   - Граѓаните,
   - Здружение за заштита на потрошувачите,
   - НВО
   - Транспортни претпријатија

**<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>**

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

   Достапни се следните податоци:

   Предметните надоместоци се воведени во 2004 година и тие преставуваат дел од вкупните надоместоци кои се прибираат согласно Законот за животна средина.

   Евиденцијата за висината на надоместоците за увоз на употребувани моторни возила се води од страна на Министерството за финансии – Управа за јавни приходи и на барање на Министерството за животна средина истите се доставуваат.

   **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

   Нема потреба од дополнителни информации

2. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

   Ќе се спроведе иницијална проценка на влијанието на регулативата.

3. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

   Нема да се формира.